Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 67-та седница одржана на ден __.08.2025 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност за формирање паралелки**
**со помал број на ученици и комбинирани паралелки**
**за учебната 2025/2026 година во ООУ „Васил Главинов“ Велес**

1. Со ова Решение се дава согласност на ООУ„Васил Главинов“ Велес да формира паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за учебната 2024/2025 година

   Централно училиште

   - 2 паралелки во трето оддделение III -2 со 19 ученици и III -5 одделение со 17 ученици
   - 4 паралелки во петто одделение V-1 одделение со 16 ученици, V-2 одделение со 16 ученици, V-5 одделение со 18 ученици и V-6 одделение со 15 ученици
   - 1 паралелка во седмо одделение во VII -1 одделение со 18 ученици
   - 1 паралелка во девето одделение во IX -2 одделение со 16 ученици.

   Во подрачно училиште село Раштани
   - 1 комбинирана паралелка во I, III , IV и V одделение со 8 ученици.

   Во подрачно училиште населба Превалец
   - 1 комбинирана паралелка во I и II одделение со 10 ученици
   - 1 паралелка во III одделение со 10 ученици
   - 1 паралелка IV одделение со 11 ученици
   - 1 паралелка во V одделение со 9 ученици.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донессување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р

**Образложение**

До Општина Велес од страна на ООУ „Васил Главинов“ Велес доставено е барање за добивање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во подрачните училишта во село Раштани и населба Превалец во учебната 2024/2025 година.

Општина Велес се обрати со барање со арх.бр.08-3665/7 од 25.07.2025 година и Ургенција со арх.бр.08-3665/8 од 15.09.2025 година до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Сектор за основно образование, за добивање на позитивно мислење.

Согласно член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25): „Паралелка може да се формира и со помалку од 20 ученици по добиена согласност од основачот“.

Врз основа на горенаведеното, а со оглед на тоа што бројот на запишани ученици е помал од законски предвидениот минимум за формирање на паралелка, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

# ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“

ВЕЛЕС

ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ

ул. „Никола Карев“ бр. 2
Тел: 043 233 461
Факс: 043 211 255
E-mail:ou-vasilglavinov-veles@schools.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 17 -07- 2025
| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 08- | 3665/5 | 1 | |

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 03-467/1
17.07. 2025 год
ВЕЛЕС

До
Градоначалник на Општина Велес

ПРЕДМЕТ: Барање за добивање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 год.

Согласно член 53 став 5 и став 10 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/2019 и 229/20) ООУ„Васил Главинов“ – Велес Ви доставува предлог на број на ученици и паралелки од I до IX одделение со помал број на ученици за добивање согласност за формирање на паралелките за учебната 2025/2026 год.

| **Училиште** | **Број на ученици по паралелки** | | | | | | **Број на паралелки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Централна зграда | | III-2<br>19 | | | III-5<br>17 | | 2 |
| | V-1<br>16 | V-2<br>16 | | | V-5<br>18 | V-6<br>15 | 4 |
| | VII-1<br>18 | | | | | | 1 |
| | | IX-2<br>16 | | | | | 1 |
| Објект 2 Превалец | I одд – 3 | | | | | | 1 |
| | II одд – 8 | | | | | | 1 |
| | III одд – 10 | | | | | | 1 |
| | IV одд - 11 | | | | | | 1 |
| | V одд - 9 | | | | | | 1 |
| ПУ с. Раштани | I одд – 3 | | | | | | 1 комб. |
| | II одд – / | | | | | | |
| | III одд – 1 | | | | | | |
| | IV одд - 3 | | | | | | |
| | V одд - 1 | | | | | | |

Барањето за формирање паралелки во кои бројот на ученици под законски утврдениот стандард е врз основа на тоа што во училиштето има запишано вкупно 27 ученици со посебни образовни потреби, од кои 26 во централното училиште и 1 (еден) ученик во Објект 2 Превалец, и тоа I одд – 3 ученици,II одд- 3 ученици,III одд- 2 ученика, IV одд - 6 ученици, V одд - /, VI одд - 3 ученика, VII одд - 2 ученика, VIII одд - 5 ученици, IX одд - 2 ученици, и Објект 2 Превалец - V одд - 1 ученик.

Поаѓајќи од тоа дека е потребно на секој ученик да му се овозможи задоволување на специфичните образовни и други потреби, образовниот процес се прилагодува според нивните индивидуални потреби. Целите се насочени кон обезбедување образование соодветно на нивните способности, вклучително и стекнување самодоверба за градење на сопствената иднина во рамките на редовните текови на општеството. За таа цел наставниците изготвуваат индивидуален образовен план ИОП кој го прилагодува образовниот процес на учениците со посебни потреби и тешкотии во развојот.

Наставниците добиваат целосна теоретска и практична поддршка од тим од 2 специјални едукатори и рехабилитатори, педагог и психолог.

Врз основа на член 7 од Правилник за критериумите и начинот на остварување на основното образование на учениците со пречки во развојот, во паралелка во основно училиште може да се вклучат до 2 (два) ученика со пречки во развојот. Бројот на ученици во паралелката се намалува за 3 (три) ученика по вклучен ученик во однос на вкупниот број на запишани ученици во паралелката.

Помошник директор

Весна Крлева-Глушкова

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

**„ВАСИЛ ГЛАВИНОВ"- ВЕЛЕС**

ул. „Никола Карев" бр. 2
тел: 043 233 461
факс: 043 211 255
e-mail:ou-vasilglavinov-veles@schools.mk

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
03-482/1
13.08. 25 год.
ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 15-08-2025
25-4042/1 1

ДО
Совет на Општина Велес

**ПРЕДМЕТ:** Барање согласност за формирање комбинирана паралелка во учебната 2025/26 година во Објект бр.2 Превалец

Почитувани,

Согласно член 53 став 11 од Законот за основно образование („Службен Весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) а поради намален број на ученици во генерацијата, ООУ „Васил Главинов" Велес упатува барање до Советот на Општина Велес за добивање согласност за формирање комбинирана паралелка составена од ученици од прво и второ одделение во Објект бр.2 во учебната 2025/2026 година.

Според евиденцијата на запишани ученици, во прво одделение се запишани 3 ученици, а во второ одделение 7 ученици, што вкупно изнесува 10 ученици, со што се исполнуваат условите од член 53 став 12 за формирање комбинирана паралелека.

Со ова барање доставуваме:

1. Список на ученици по одделенија
2. Образложение за формирање на комбинираната паралелка.

Ве молиме да го разгледате ова барање и да донесета одлука за да можеме навремено да ја организираме наставата согласно законските прописи.

Со почит,

Изработил

Анета Стевановска Јаневска

ООУ „Васил Главинов" Велес

Директор

Драги Коцевски

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

**„ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“- ВЕЛЕС**

ул. „Никола Карев“ бр. 2

тел: 043 233 461

факс: 043 211 255

e-mail:ou-vasilglavinov-veles@schools.mk

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
бр. 03-482/2
13.08.2025 год.
ВЕЛЕС

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**за формирање комбинирана паралелка од I и II одделение**
**во Објект бр.2 Превалец при ООУ „Васил Главинов“ Велес за учебна 2025/2026 година**

Врз основа на член 53 став 10 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), паралелка може да се формира и комбинира со ученици од различни одделенија доколку бројот на учениците е помал од пропишаниот минимум за самостојна паралелка.

Во учебната 2025/ 2026 година, во Објект бр.2 во Превалец, во I одделение се запишани 3 ученици, а во II одделение 7 ученици, односно вкупно 10 ученици. Со оглед на тоа што бројот на учениците по одделенија е под законскиот минимум за формирање посебни паралелки, наставата е можно да се организира во комбинирана паралелка составена од I и II одделение.

Формирањето на комбинираната паралелка има за цел:

- Ефикасно организирање на наставниот процес;
- Обезбедување квалитетно воспитно-образовно работење;
- Оптимално користење на човечките и материјалните ресурси на училиштето.

Со оглед на горенаведеното, бараме Советот на Општина Велес да даде согласност за формирање на комбинираната паралелка во Објект бр. 2 во Превалец од ученици од I и II одделение во учебната 2025/ 2026 година.

Директор

Драги Коцевски

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ВАСИЛ ГЛАВИНОВ
Бр. 03-482/3
13.08. 2025 год.
ВЕЛЕС

# ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ - ВЕЛЕС

ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ

ул. „Никола Карев“ бр. 2
Тел: 043 233 461
Факс: 043 211 255
E-mail: oouvasilglavinov@yahoo.com

**Список на ученици во комбинирана паралелка (прво и второ одделение)**

**Објект бр.2 нас.Превалец**

Учебна 2025/2026 година

| **Ред.бр** | **Презиме** | **Име на родител** | **Име на ученик** | **Одделение во учебна 2025/26** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Стефановски | Филип | Натали Марру Анн | прво |
| 2. | Стојаноски | Дарко | Дамјан | прво |
| 3. | Крстевска | Дејан | Јана | прво |
| 4. | Гогов | Александар | Теодор | второ |
| 5. | Ивановска | Стојче | Леа | второ |
| 6. | Николова | Трајче | Теодора | второ |
| 7. | Петрушев | Дејан | Војдан | второ |
| 8. | Ставревска | Димче | Александра | второ |
| 9. | Шпетковски | Гоце | Николче | второ |
| 10. | Шпетковска | Николче | Виолета | второ |

Директор

Драги Коцевски